Срећни празници!
Frohe Festage!
Happy holidays!

# KNAUF STORY

Број 7, декември 2010



## Тема:

# Кнауф Фасадни системи во Македонија

## Кнауф партнер: „ТРГОШПЕД" - Велес

Референтен објект:
ХИПЕРИУМ - Простор за успешен бизнис

Тајните на совршените бели ѕидови

KNAUF Newsletter

# Кнауф систем значи гаранција на Вашата градба...



## Кнауф гипсени плочи



Knauf A13

## Кнауф потконструкција



Knauf CD, CW, UD и UW профили

## Кнауф монтажен прибор



Директен држач, крстеста спојка, Анкерфикс држач со рачка, брз шраф

## Кнауф материјал за обработка на споеви



Fugenfüller leicht, Uniflott, бандажна лента

**...за да го добиете со сигурност потребниот квалитет, вградувајте оригинални Кнауф производи**

Кнауф, канцеларија за продажба и маркетинг, Скопје **+389 (0)2 3235 750**

**www.knauf.com.mk**

KNAUF



**Почитувани,**

*Дали сте забележале кога се шетате по улиците на некој македонски град колку објекти имаат стари и оштетени фасади или некои немаат воопшто фасади, туку објектите останале недовршени. Освен тоа што таквите објекти ја грдат општата слика за градот и државата, лошите фасади или немањето никакви фасади влијае неповолно по буџетот на луѓето кои живеат или работат во објектот. Фасадите освен естетска функција имаат и термо-изолациска функција, толку значајна во времето кога цената на електричната енергија е висока и веројатно постојано ќе се зголемува.*

*Земајќи ги овие факти предвид Кнауф почна оваа година да нуди и фасадни системи во Македонија. Со покривање на овој сегмент од градежништвото, може да се рече дека сега со нашите производи што ги нудиме можете да направите речиси цел еден објект, од под до таван, заедно со фасада! Кнауф како градежна сила во светот Ви го нуди своето искуство и техничка помош при градењето и реновирањето на објектите од Вашите сништа.*

*Измина 2010 година која беше полна со предизвици за сите што се занимаваат со градежништво. За следната, 2011 имаме поголеми очекувања, затоа што во 2010 вложивме во нова производствена линија во нашата фабрика во Дебар за самонивелирачки подови од квалитетен алфа гипс. Очекувам во 2011 година градежниот сектор повторно да заживее, како локомотива која зад себе влече уште 20-тина индустриски гранки.*

*На сите Вас наши пријатели и соработници, Ви посакувам успех и Ви ја честитам Новата 2011 година.*

*Срдечни поздрави и честитки,*
*Ваш,*
*Тодор Деловски,*
*Директор на Кнауф во Македонија, Албанија и Косово*

Тема: КНАУФ ФАСАДНИ СИСТЕМИ ВО МАКЕДОНИЈА 4

Референтен објект: ХИПЕРИУМ- Простор за успешен бизнис 10

Флорим Рамани: ТАЈНИТЕ НА СОВРШЕНИТЕ БЕЛИ ЅИДОВИ 12

Кнауф партнер: ТРГОШПЕД - Велес 14

Know-how: ROTBAND СЕМОЌНИОТ 16

Know-how: КВАЛИТЕТОТ ВО КНАУФ Е БЕСПЛАТЕН 17

**Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.**
**Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.**
**Членови на редакција: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Александар Николовски и Блажен Зотовски.**
**Фотографии: Роберт Смилески, КНАУФ фото-датотека.**
**Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 1500 примероци**
**www.knauf.com.mk**





# Кнауф Фасадни системи во Македонија



Некаде кон крајот на 60-тите години од минатиот век, кога за првпат почнаа да се употребуваат термоизолациски фасадни системи, малкумина можеа да си замислат дека само 4-5 децении подоцна токму овие системи ќе бидат дел од секој граден објект  речиси на секој дел од светот. На изумителите на овие системи, поборниците за нивната примена, визионерите кои ги развиваа термоизолациските фасадни системи можеме да им се заблагодариме што конечно и во градежништвото имаме масовна примена на систем кој е од големо значење од еколошка и економска гледна точка за иднината на човештвото.

Како компанија, како визионер за развој на напредни системи во градежништвото, Кнауф од самото „раѓање" на термоизолациските фасадни системи придонесува за нивен развој како од почетокот во матичната земја и фабрика, преку ширење низ западна Европа се до денес каде благодетите на овие системи можеме да ги вкусиме и во источниот и југо-источниот дел на Европа, развивани во свои центри, произведени во свои производствени погони. Кнауф фасадните системи ги задоволуваат највисоките пропишани стандарди и ги задоволуваат и најстрогите барања во модерното градежништво.

Фасадните системи со темоизолација покрај тоа што наоѓаат примена веќе во секој објект за новоградбата, еднакво толку се користат и при реконструкции и санации на веќе постоечки објекти каде со поставување термо фасада секој од нив добива нова димензија во полето на енергетската ефикасност.

Од оваа година Кнауф фасадни системи се присутни и во Македонија. Секако за беспрекорно да функционира секој термофасаден систем кој на еден начин претставува сендвич од минимум 8 слоеви, на располагање го ставаме нашиот стручен тим за техничка поддршка.

Од фасаден систем за освежување на веќе застарена фасада, преку термоизолациски фасаден систем со EPS изолација, преку системот со камена волна со доста предности, па сè до термофасадниот систем со природен камен, Кнауф секој дом го штити од надворешни влијанија и го прави топол.

***Александар Николовски***
*aleksandar.nikolovski@knauf.com.mk*





## ФАСАДА ЗА МЕРАК

Ние музичарите знаеме да одбереме што е добро. Можеби не се разбирам во техничките детаљи, но фасадата од Кнауф материјалите за мојата куќа во Скопје изведена од мајсторите од Филип Прима Екслузив многу ми се допаѓа. Можете да се уверите и самите. Среќен сум што избрав квалитетни материјали за мојот дом.



***Зоран Џорлев,***
Професор по виолина и директор на ДМБУЦ Илија Николовски Луј во Скопје



## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

**Индивидуален станбен објект, Жданец**, Скопје

Инвеститор: **Приватно лице**
Кнауф изведувач:
- **Филип Прима Ексклузив – Скопје**

Кнауф партнер:
- **Хаски инженеринг– Скопје**

**Кнауф системи за сува градба:**
- **комплетен фасаден систем со стиропор,**
- **преградни ѕидови W11**
- **Aquapanel плочи**
- **Машински гипсен глет малтер MP 75**
- **Ревизиони отвори**





# ФАСАДИ

Во архитектурата и во градежништвото фасадите се значаен сегмент од објектите. Тие на секој објект му даваат естетска вредност, а важни се и од изолациски и од економски аспект. Најчесто меѓу обичните луѓе целиот објект се проценува преку гледањето на фасадата, кое е своевидно лице на целиот објект. Не е ни чудно што терминот фасада потекнува од францускиот збор façade, кој е позајмен од италијанскиот збор faccia, што значи лице (извор: wikipedia).

Фасадата е систем, кој го сочинуваат повеќе елементи. Често се случува на градилиштата, со намера побрзо да се изведуваат градежните работи или поради недостиг од некои од елементите, да се прибегнува кон импровизација. Тоа може да предизвика сериозни последици за квалитетот на самата фасада, а поради незначителната разлика во цената или потрошеното време, се јавува ризик да се намалат нејзините основни функции или да го нагрди изгледот на објектот. Затоа, меѓу другото, треба да се внимава какви материјали се употребуваат.

Условите на нашите градилишта се специфични. За разлика од Германија, каде што се подразбира дека градежното скеле ќе биде поставено околу целиот објект, кај нас често има доволно само за една страна и изведувачите се принудени да го преместуваат. Поради тоа се настојува кога еднаш ќе се постави, сите фази на градбата на фасадата да се завршат, пред да се премести на следната страна. За ова на изведувачите им е потребно лепило, кое брзо врзува така што по лепењето, веќе следниот ден може да типлуваат или да поставуваат мрежичка, без страв дека стиропорните плочи ќе се одвојуваат од ѕидот. Земајќи го предвид овој факт, Кнауф разви лепила кои имаат добро отворено време во кофа и кога се нанесуваат на изолацијата. И покрај тоа, по само еден ден, лепилата врзуваат така што по обидот по 24 часа да се одвојат од ѕидот, пука стиропорната плоча, а не употребеното лепило.





3Д приказ на објектот во Жданец

## ОД ИЗВЕДУВАЧОТ...

„Уште од почетоците на работата на Филип Прима Екслузив се решивме да соработуваме со добро етаблирани и проверени брендови како што е и Кнауф. Нé интересираат модерните градежни материјали и модерните текови во градежништвото во светот, меѓутоа пред се нé интересираат квалитетот и квалитетните технички решенија. Сметаме дека градбите во Македонија заслужуваат



попрофесионални изведувачи кои користат паметни решенија за секоја ситуација, а за тоа е потребен широк спектар на градежни производи, како што ги содржат во себе Кнауф системите. Во овој контекст може да се сфати и соработката помеѓу Кнауф и Филип Прима Екслузив каде што првите примени на Кнауф фасадните системи во Македонија ги направи токму нашата компанија, со стручна поддршка на тимот на Кнауф од Македонија и Полска, и нашите инженери, на објектите за кои Вие пишувате во статијата.

Од досегашната соработка со Кнауф сум навистина задоволен и се надевам дека пред нас ќе има уште многу успешни проекти и задоволни клиенти“

***Филип Спасовски,***
директор на компанијата
Филип Прима Екслузив




Соработка при поставување на фасадата:
Кнауф Македонија, Кнауф Полска и Филип Прима Ексклузив

*Die Knauf Fassadensysteme - endlich auch in Mazedonien. Es sind schon einige neue Objekte mit dem verwendeten Fassadensystem ausgebaut und das Feedback ist wunderbar. Es sind auch Fassadenrenovierungen bestehender Objekten angekündigt. Welche sind diese Produkte – Teil des Knauf - Fassadensystems? Was für eine Erfahrung hat ein junger Man, GF einer steigenden Baufirma, der sich entschieden hat nur die besten überprüften Bauprodukte zu verwenden, wie diese aus dem Brand Knauf?*

*Knauf Facade Systems are finally in Macedonia. There are already several new buildings where the new Knauf Façade Systems have been applied. The feedback is wonderful. There are several facades of new buildings where the construction works are about to begin. Same applies for some renovations of existing facades. Which are the products that are part of the Knauf Façade Systems? What is the experience of one young man, owner of a rising local construction company who decides to use in his work only the best building materials, like those from our brand.*

# ТЕМА НА БРОЈОТ

Вештината на градење ја препуштаме на Вас, мајсторите, а врвните материјали се она со што ние во Кнауф се занимаваме веќе многу години.

Дозволете да Ви ги претставиме некои од материјалите:




**KNAUF STYROKLEBER**
Малтер за лепење на плочи од стиропор
Вреќа: **25 kg**
Палета: **1200 kg**
Потрошувачка за лепење: са. **5 kg**
Време за сушење пред следната фаза на изведување: **24 h**




**KNAUF KLEBESPACHTEL**
Малтер за лепење на плочи од стиропор, армирање и глетување
Вреќа: **25 kg**
Палета: **1200 kg**
Потрошувачка за лепење: са. **5 kg/m²**
Потрошувачка за армирање и глетување: са. **3+3 kg/m²**




**KNAUF KLEBESPACHTEL M**
Малтер за лепење на плочи и ламели од камена волна, армирање и глетување
Вреќа: **25 kg**
Палета: **1200 kg**
Потрошувачка за лепење: са. **6 kg/m²**
Потрошувачка за
Потрошувачка за армирање и глетување: са. **4+3 kg/m²**




**KNAUF PUTZGRUND FASSADE**
Подлога за минерални, акрилни, силиконски и силикатни малтери
Пакување: **20 kg, 5 kg**
Потрошувачка: са. **0,3 - 0,45 kg/m²**
Во боја на завршниот фасаден нанос




**KNAUF MOZAIC**
Кнауф малтер за цокле
Пакување: **25 kg**
Гранулација Потрошувачка
**0,8 – 1,2 mm 3,0 kg/m²**
**1,2 – 1,6 mm 4,5 kg/m²**




**КНАУФ СИЛИКОНСКА БОЈА**
Изедначувачка боја за минерални, силиконски и силикатни завршни фасадни наноси
Пакување: **15 kg, 10 kg, 5 kg**
Потрошувачка: са. **0,2 l/m²**
(при боење на завршниот фасаден нанос со гранулација 3 mm)




**KNAUF ADDI**
Кнауф акрилен фасаден малтер
Пакување: **23 kg**
Палета: **522 kg**
275 различни бои

**ADDI глетувани структури**



**Addi S 1,5**
Најголемо зрно: **1,5 mm**
Дебелина на нанесување: **1,5 mm**
Потрошувачка: **2,3 kg/m²**
Издашност: **10 m²/сад**

**Addi S 2**
Најголемо зрно: **2 mm**
Дебелина на нанесување: **2 mm**
Потрошувачка: **2,7 kg/m²**
Издашност: **8,5 m²/сад**

**Addi S 3**
Најголемо зрно: **3 mm**
Дебелина на нанесување: **3 mm**
Потрошувачка: **3,6 kg/m²**
Издашност: **6,4 m²/сад**

**ADDI зарибани структури**



**Addi R 2**
Најголемо зрно: **2 mm**
Дебелина на нанесување: **2 mm**
Потрошувачка: **2,4 kg/m²**
Издашност: **9,6 m²/сад**

**Addi R 3**
Најголемо зрно: **3 mm**
Дебелина на нанесување: **3 mm**
Потрошувачка: **3,0 kg/m²**
Издашност: **7,7 m²/сад**





**ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА И ИНВЕСТИЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

Имајќи предвид дека за загревање на објектите кај нас денес се троши и до два и пол пати повеќе енергија во однос на земјите од Западна Европа, важно е да сфатиме дека постои начин како да се намали потрошувачката на енергија на најефикасен начин со минимални вложувања и краток период на исплата на инвестицијата. Земајќи ја предвид проценката дека со вградување на термоизолација на надворешните ѕидови може да се заштеди и до 60% енергија, и дека таа инвестиција со заштеда на енергенси се враќа веќе после 4 години, тогаш вградувањето на термоизолацијата сигурно е една од препорачаните мерки на енергетска ефикасност.

При тоа е важно да се придржуваме кон следниот принцип: подебела изолација = поголема заштеда на енергија.

За споредба да го земеме Вашиот личен пример од секојдневниот живот: кога надвор е многу ладно, облекувате подебел џемпер и капут за да се задржи телесната температура. Ако тоа правило го примените и на Вашата куќа во зимскиот период, односно ако куќата ја „облечете" со дебел слој на изолација, ќе ги намалите топлинските загуби т.е. повеќе топлина ќе задржите внатре. Директна последица од тоа е заштеда на енергија, па од таму, и сметките за греење се пониски.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ КОРИСНИ АСПЕКТИ ОД ТЕРМОИЗОЛАЦИЈАТА**

Оваа прилика ја користиме да нагласиме дека недоволната топлинска изолација не доведува само до зголемување на топлинските загуби во зима, туку и до појава на т.н. ладни ѕидови. Температурата на површините на надворешните ѕидови е значително пониска од пријатните температури на воздухот во просторијата, која треба да изнесува помеѓу 19˚C и 21˚C, што доведува до непријатно струење на воздухот во зоната околу ѕидот. Исто така е можна и појава на површинска кондензација на водена пареа. Штетните последици на ваквата кондензација се појава на мувла, нездрава микроклима во просториите, непријатен мирис, естетски и здравствени проблеми. Не смееме да го заборавиме и летниот период, кога температурите во последните неколку години се прилично над просекот за лето, што доведе и до зголемување на потрошувачката на енергија која е потребна за ладење на објектите преку летните месеци.

**ЗОШТО МИНЕРАЛНА ВОЛНА НА KNAUF INSULATION?**

Благодарејќи на карактеристиките на производот на Knauf Insulation од камена минерална волна, објектите во кои таа се вградува обезбедуваат повеќе од „покрив над главата". Покрај тоа што таа ги штеди Вашите пари, во исто време пружа најголем топлински комфор како и заштита од бучава која нѐ опкружува секојдневно, како што е сообраќајниот метеж, гласни соседи итн. При тоа не треба да се занемари и сигурноста од пожар, поготово ако се земат предвид бројките на настрадани од пожари, бидејќи кога се зборува за камена минерална волна тоа значи зборуваме за негорив материјал кој го спречува понатамошното ширење на истиот, а не допринесува за развој на пожарот во ниедна негова фаза.

Исто така, производите на Knauf Insulation камената минерална волна ги задоволуваат и најстрогите еколошки стандарди.



# ХИПЕРИУМ

## Простор за успешен бизнис

### ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

**Применети системи:**

| | |
|---|---|
| W 112.... | 4.945 m2 |
| W 113.... | 1.308 m2 |
| W 623.... | 1.675 m2 |
| W 625.... | 454 m2 |
| W 629.... | 290 m2 |
| D 112.... | 6.410 m2 |

**Вкупно вградени количини на плочи:**

| | |
|---|---|
| GKB 12,5 mm.... | 35.300 m2 |
| GKB 12,5 mm.... | 2.700 m2 |
| GKF (Противпожарни) 12,5 mm.... | 6.300 m2 |
| GKF (Противпожарни) 12,5 mm.... | 600 m2 |
| Aquapanel 12,5 mm.... | 250 m2 |
| ALUSTAR - Ревизионен отвор (600x600, 300x300)..... | 137 парчиња |
| Траверза W 234.... | 74 парчиња |
| AMF метален самоносечки плафон систем F | 410 m2 |

**Инвеститор:** ХИПЕРИУМ дооел Скопје
**Идеен проект:** арх. Јани Возељ – Словенија, проектантско биро СПАТИО – Љубљана
**Изведбен проект:** ТЕТРАКТИС- Скопје
**Главен изведувач:** ТОРУС ИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
**Кнауф изведувач:** СИЛИНГ и ГИПСАР (Нико гипс и Колор Стил)











## Малите тајни на големите мајстори...
## ...на Кнауф малтерите

# Тајните на совршените бели ѕидови




Возиме за Корча да се сретнеме со г. Флорим Рамани (Florim Rramani). За него сме слушале како за Виртуоз со Кнауф малтерите. Конечно договоривме средба – ќе не чека на градилиштето на една станбена зграда во Корча. Нестрпливо чекаме да го запознаеме Маестро Рамани...

Се наоѓаме на градилиштето речиси во центарот на Корча. На станбената зграда во сопственост на г. Ѓорѓи Склави и неговата фирма Склави Шпк, за внатрешните и надворешните ѕидови е најмена тајфата на г. Флорим Рамани. Г. Рамани како специјализиран мајстор за работа со гипсените малтери и термофасади е среќа да се добие. За негов ангажман се закажува однапред.

Флорим Рамани живее во Драч, иако по потекло е од Феризај (Урошевац). Веќе 2 години работи во Албанија, а претходно работел во Косово и цели 11 години во Германија. Се оженил во Албанија и сега таму се чувствува како дома. Во Германија научил многу за градежништвото. Таму градел „цели села" и научил многу за малтерисувањето и за фасадите.

***Зошто луѓето од градежната бранша слушнаа за Вас? Зошто сте Вие т.н. мајстор за малтери?***

Првенствено добриот глас го добив работејќи брзо и квалитетно. Јас имам своја екипа и сите ние работиме со малтерите на Кнауф по една рутина и технологија за која мислиме дека е најдобра за работа со МП-малтерите на Кнауф. Веќе имаме 3 ПФТ-машини и сме вкупно 23 луѓе во тајфата. Секоја година обучуваме по 40-ина нови работници за мојот стил на работа. Минатата година направивме објект на г. Агим Хисени од АК Констракшн во Драч со големина од речиси 12.000 м2 за 28 дена. За оваа брзина и квалитет дојде во Драч и лично се увери г-ѓа Беатрикс Кнауф.

***Каков е Вашиот стил на работа? Може ли да ни ги откриете тајните за вакви прекрасни рамни бели ѕидови со совршено прави рабови?***

Не е тајна. Тоа може секој упатен да го забележи. Прво, работам без скеле, само со рачка и мастар. Ова е навистина различно од другите мајстори. Користам мастар од 2м, а не од 2,5м. Разликата навидум е мала, но всушност голема: 2,5-метарскиот мастар е подолг и се витка! Свиткувањето со текот на времето влијае негативно. Втора работа, која е исто така важна: работам истовремено и тавани и ѕидови. Така може евентуалните грешки брзо и лесно да се поправат додека малтерот е се уште мек. Обично другите мајстори прво ги работат таваните, па потоа ѕидовите. Но, на

*Welche sind die Geheimnisse des Herren Ramani in Albanien welche zu perfekt glatten und weißen Wände mit den Knauf Putzen führen? Er ist zwischen den Verarbeitern in Albanien als Virtuos in der Arbeit mit den Knauf Putzen bekannt. In dem Gespräch erzählt Herr Ramani über die kleinen Geheimnissen der großen Putzmeister, über die Situation im Bauwesen in Korca und breiter, sowie über seine Erfahrung in der Nutzung der Putzen und anderen Knauf Produkten (Fassadensysteme, Kleber usw.).*

*What are the secrets of perfectly smooth and white walls made with Knauf plasters by Mr. Rramani in Albania? He is famous among the other construction workers in Albania as a Knauf Plasters Virtuoso. In an interview with Mr. Rramani, he explains his little secrets of working with our plasters, about the situation of the construction business in Korca and the wider region and about his experience with our Knauf plasters and other products (façade system products, glues,... etc)*



таваните често остануваат дамки од прскањето, што не е убаво за гледање, па треба пак да се глетува... Особено внимание посветуваме на рабовите: тој е најважниот дел! Рабовите потешко се поправаат за разлика од рамните површини.

***Зошто ги одбравте токму Кнауф малтерите и воопшто Кнауф системите?***

Материјалот на Кнауф од Дебар е одличен материјал. Со Кнауф гипсените малтери работиме брзо и добиваме врвен квалитет. Материјалот брзо се суши, изработуваме повеќе квадратни метри на ден и финалниот изглед е многу квалитетен. Малтерот не треба да се „патинира", т.е. глетува, па се заштедуваат и пари и време. Исто така многу ми се допаѓа лепилото од фабриката на Кнауф од Земун, кое се употребува за Кнауф фасадните системи.

***Како гледате на градежништвото во Албанија денес?***

Градежништвото во Албанија расте, иако во моментов не е во врвна форма. Оптимист сум дека откако ќе помине рецесијата ќе има уште многу работа, се повеќе и повеќе. Проблеми има при кредитирањето и при одредувањето на цените за што сме под притисок да држиме се пониско. Гипсените малтери во Албанија се релативна новост, но има прогрес. Еве, во Корча со слична географија како Дебар, се прифаќаат гипсените малтери. Ќе се прифаќаат се повеќе, и поради одличните биолошки карактеристики, меѓу другото, но за тоа треба време и повеќе маркетинг и добар глас. Мислам дека сме на вистинскиот пат.

**Разговорот го водеа:**
**Роберт Смилески и Урим Мурати**
**Фотографии: Роберт Смилески**





## ТРГОШПЕД, ВЕЛЕС



# Еснафски пример меѓу трговците со градежни материјали

Фирмата Тргошпед е партнер на Кнауф веќе десетина години.

На посета сме во Велес, во седиштето на фирмата Тргошпед од Велес, а не пречекаа и беа прекрасни соговорници нејзиниот сопственик, г. Васил Шалев, како и г. Тоше Петров и г. Иле Шалев. Фирмата Тргошпед од Велес е партнер на Кнауф веќе 10тина години. Својот бизнис на трговија на градежни материјали на големо и мало им е фокусиран на подрачјето на Велес и другите околни градови од централна Македонија (Неготино, Кавадарци,...).

Господинот Шалев освен како сопственик на компанијата Тргошпед, е еден сопствениците на поголемиот холдинг Брако од Велес, каде севкупно се вработени над 550 луѓе и имаат производствени капацитети во Панчево во Србија, како и капацитет во Видин во Бугарија, каде се соседи на нашата Кнауф фабрика таму. Фабриката Брако е лидер на Балканот во производство на жичени производи, а стануваат се попознати и по производство на медицински помагала и опрема, како и делови и




опрема за машини. Во пошироки рамки холдингот се занимава и со транспорт и со ископување и дистрибуција на талк од реонот на Извор.

**Како тече соработката со Кнауф?**
**(г-дин. В. Шалев)**
Спoредувајќи ја соработката на нашата фирма со Кнауф и со другите големи фирми, искрено можам да речам дека таа е најкоректна и држи високо ниво уште од почетокот. Имаме соработка и во однос на следење на пазарот и градбата на нови објекти, и за секои новини взаемно се информираме. Соработката е одлична на сите нивоа, со сите вработени на Кнауф.

**Со какви проблеми се соочува градежништвото во Велес?**
**(г-дин. В. Шалев и г-дин Т. Петров)**
Мајсторите што купуваат кај нас не се лесни кога станува збор за прифаќање на новитетите во градежништвото. На почетокот тешко се прифаќаа и гипсените плочи и другите неопходни делови од Кнауф системот, но сега тие се сосема прифатени и норма во градежништвото. Сега ги пробиваме и Кнауф фасадите и Кнауф течниот естрих. Со малтерите на Кнауф веќе направивме пробив со земањето на еден објект, училиште во Штип. Потребна е поголема едукација и застапеност по медиумите за уште поголеми резултати. Друг специфичен проблем во градот Велес е и немањето на атрактивен простор за градба во градот. Повеќето од интересните земјишта се зафатени а ридовите наоколу се голи е неурбанизирани. Трговшпед неодамна изгради нова станбена зграда во Велес. Се разбира во неа се вградени многу метри квадратни Кнауф системи, а при градбата можеа доста да научат и локалните проектанти.

**Кои се Вашите идни планови?**
**(г-дин. Т. Петров)**
Во план ни е проширување на продажбата на Кнауф продуктите со сите програми на Кнауф, а посебно со производите од т.н. Баумаркт програма, т.е. градежната хемија. Досега се концентриравме на докажаните производи од сувата градба а ги правиме и првите чекори во продажбата на Кнауф изолацијата и лепаците. Задоволни сме од продажбата на Кнауф производите и финансиската добивка од година во година оди по нагорна линија.

**Референтни објекти на Трговшпед, како снабдувач на градежни материјали?**

- Туш маркетите во Куманово и Штип каде се јавуваме како снабдувачи со материјал и во Велес каде сме и инвеститори и изведувачи. Во овие објекти соработувавме со Делта Пром од Велес, како носител на изведбата и Дизајн од Струмица како Кнауф изведувач
- Рударски Факултет Штип
- Гинеколошка клиника Скопје
- Фитопатолошка инспекција во Табановце (во тек)
- Социјални згради во Велес и.т.н.

Праксата да трговците со градежни материјали и неимарите воопшто имаат во себе широк спектар на интереси и од науката и од уметноста (фотографија итн) се потврди и во случајот со моите соговорници во Трговшпед г. Петров и г. Шалев. Во дискусиите на најразлични теми, не престануваа да изненадуваат со своите познавања за многу теми надвор од градежништвото.
На целата фирма Трговшпед и на соговорниците индивидуално им благодарам за топлото добредојде и им посакуваме многу здравје и напредок на деловен и приватен план.

Роберт Смилески

*Interview mit dem Eigentümer der Firma Trgosped aus Veles sowie mit dem Verantwortlichen für die Knauf Produkte in der gleichen Firma. Informationen über ihre laufenden Projekte, Pläne für die Zukunft, die Probleme mit denen sie sich konfrontieren, sowie über die Situation im Bauwesen in der Stadt Veles und breiter.*

*Interview with the owner of the company Trgoshped from the city of Veles and the Knauf Programme responsible in that company. News about their ongoing projects, plans for the future, problems they are facing as well as the current situation in the construction business in the Veles area.*

# Rotband, Семоќниот







Knauf Rotband – „Семоќниот" е познат меѓу Европските професионалци како универзален генијалец за ѕидови и тавани и се вбројува во топ 100 брендови во Германија. Домарите и другите „хаусмајстори" едноставно го обожуваат овој производ поради својата едноставна употреба и одлични карактеристики.
Knauf Rotband е еднослоен готов рачен гипсен малтер со додатоци за подобро врзување на бетон. Добар е за сите видови подлоги. Се употребува само во внатрешноста на објектите, вклучително во кујни и во бањи.

Овој производ може да се набави во сите добро снабдени продажни места за градежни материјали и баумаркети каде се продаваат производи на Кнауф. Достапен е во различни пакувања: 25 кг, 5 кг како и во тубички, како Knauf Rotband Reparaturspachtel.

Овој продукт, направен на база на гипс:

- се работи рачно и има долго време на обработливост
- одличен е за сите подлоги во внатрешноста: бетон, сите малтерисани површини, цементни и цементно-варовни малтери, гипсени малтери, Кнауф гипсени и гипсфазер плочи и.т.н.
- совршен е за убава клима во просториите, ја пропушта „водената піреа" популарно речено, овој производ „дише"
- отпорен е на притисок и удари, благодарејќи на технологијата на микро перли
- Идеално за порамнување на мали нерамнини (до 2мм)
- Брзо пополнување на дупки и пукнатини

Кнауф алатки Ви се на располагање за работа со Ротбанд:

- Глетарка (Мистрија)
- Миксер
- Глетарка за малтер
- Сунгереста папуча
- Профилна лента тип h
- Кофа од ПВЦ

***Само со еден слој, само со еден материјал, и малтерисувате и глетувате!***



# Квалитетот во Кнауф е бесплатен

## Зголемен планот за обуки и семинари за 2011

Со цел подигнување на нивото на изведбата и обезбедување на квалитетот, во 2011 година Кнауф ќе му се посвети уште поинтензивно на организирање на семинари, обуки и презентации.

**Целни групи:**
изведувачи, проектанти, инженерски кадар – надзор и др.

**Теми:**
- Потребни услови за квалитетот: материјали и техники
- Светска и Македонска регулатива
- Најчести грешки при изведба (на што мораме да внимаваме)

**Предвидени се вкупно:**
- 45 обуки за монтери
- 30 обуки за архитекти
- 15 обуки за изведувачи/ надзор
- Повеќе обуки за сува градба
- Повеќе обуки за Кнауф малтери

во Скопје и други градови во Македонија.

Ако имате интерес за некоја од горенаведените обуки, можете да се пријавите на нашиот веб сајт, во делот за **Семинари и Школувања:**

**http://www.knauf.com.mk/uslugi_seminari_prijava.htm**





# Успешен семинар за Aquapanel



Во производствениот погон во Волос, Грција

Од 28-ми Септември до 1-ви Октомври, Кнауф Скопје, во соработка со колегите од Кнауф Земун, организираше семинар на тема "Aquapanel® - карактеристики, можности и примена на системот". Гости на семинарот беа реномирани архитекти од Македонија и Србија, кои како активни учесници и професионалци со големо искуство, допринесоа во одличната презентација на овој современ материјал, кој веке интензивно се пробива на нашиот пазар. Цементната плоча, која е наменета за надворешна употреба и за простории со константна влажност, е дел од Кнауф системите за сува градба, со што нуди практично неограничени можности за естетска и функционална употреба.

Блажен Зотовски
Советник за сува градба, Кнауф ДООЕЛ Скопје

# Knauf Junior Trophy во Виена








Knauf Junior Trophy, меѓународниот натпревар за ученици по сува градба, се одржа оваа година во Виена, Австрија, од 9 до 11 Јуни. Четиринаесетте тима од источноевропските земји ги презентираа своите знаења и практично умеење од областа на сувата градба.
Тимовите што се натпреваруваат се состојат од по двајца ученици од секоја земја. Оваа година победници беа учениците Габриел и Матео од Австрија, второто место го освои тимот од Хрватска, а третото тимот од Швајцарија. Нашиот тим се претстави во добро светло и се пласира на средината од табелата.

Учениците имаа можност да ги покажат своите знаења, но и да разменат искуства од нивните училишта. Секако тие имаа можност да се дружат и да ги запознаат убавините на австриската престолнина. Директорот на Кнауф во Австрија, г. Ото Орделт, на отворањето на натпреварот нагласи:
**„Квалитетот на сувата градба во нашите земји може да се осигури само со инвестирање во знаењето и во праксата на нашите ученици за монтери за сува градба".**
На годинашните наши претставници на Knauf Junior Trophy им посакуваме успех во професијата во иднина.



# Дизајнирате или реновирате хотел? Кнауф може да Ви помогне

Хотелите се места кои комбинираат професионализам и луксуз во гостопримлива околина. Со глобално искуство на реализација на најсложени архитектонски решенија во светот, Кнауфовите високо-квалитетни производи секогаш играат клучна улога.

Придобивките се:

- Слобода на избор меѓу многуте материјали
- Брзина на вградување на системите
- Сигурност
- Широки можности за дизајн

**Хотел Хајат Риџенси (Hyatt Regency)**, Дубаи, Обединети Арапски Емирати

**Архитект:** LW Design

KNAUF



www.knauf.com.mk

### ТАВАНСКИ СИСТЕМИ

- Тавански системи од гипсени плочи
- Акустични и тавани со специјален дизајн
- Облоги на поткровје

### ЅИДНИ СИСТЕМИ

- Преградни ѕидови на метална потконструкција
- Ѕидни облоги и инсталациски канали
- Санитарни градежни системи и ревизиони отвори
- Системи за лизгачки врати

### ПОДНИ СИСТЕМИ

- Самонивелирачки подови
- Повишени подови
- Маси за порамнување

### СИСТЕМИ ЗА ФАСАДИ И ИЗОЛАЦИСКИ СИСТЕМИ

- Контактна фасада

### СИСТЕМИ ЗА МАЛТЕРИСУВАЊЕ

- Гипсени глет малтери

### БАУМАРКТ ПРОГРАМА – НАПРАВИ САМ (ГРАДЕЖНА ХЕМИЈА)

- Лепаци за плочки и фуги
- Глет маси, лепаци, дихт ленти, израмнувачи, алати
- Средства за чистење и нега

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември 66
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски 66
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk

## КНАУФ КОНСАЛТИНГ

### СОВЕТУВАМЕ ЗА:

- Системи за сува градба
- Монтажни куќи
- Системи за малтерисување
- Фасадни системи
- Подни системи
- Системи за поплочување
- Баумаркт програма - Направи сам (Градежна хемија)

### ШКОЛУВАЊА ЗА:

- Проектанти
- Изведувачи
- Градежни фирми
- Трговци